# Службен гласник

## на Општина Струмица

| Број 8 | Вторник, 23 јуни 2015 год. |
| --- | --- |

www.strumica.gov.mk


**С о д р ж и н а**

### Совет на општина Струмица:


| Рег. бр. | | Стр. |
| --- | --- | --- |
| 139. | **Одлука** за избор на директор на Јавното претпријатие за енергетски дејности „Струмица - Гас“ Струмица … | 2 |
| 140. | **Одлука** за организирање на јавна анкета на Нацрт ДУП за измена и дополнување дел од блок 14 Урбана единица 2 во Струмица, Општина Струмица 2015-2020 година .................. | 2 |
| 141. | **Одлука** за организирање на јавна презентација на Нацрт ДУП за измена и дополнување дел од блок 14 Урбана единица 2 во Струмица, Општина Струмица 2015-2020 година ..................... | 3 |
| 142. | **Решение** за формирање на Комисија за спроведување на јавна анкета и јавна презентација на Нацрт ДУП за измена и дополнување дел од блок 14 Урбана единица 2 во Струмица, Општина Струмица 2015 -2020 година.................... | 3 |

## 139.

Врз основа на член 19-а став 4, член 23 и член 24 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15 и 61/15) и член 39 став 1 алинеја 9 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**О д л у к а**
**за избор на директор на Јавното претпријатие за енергетски дејности „Струмица - Гас“ Струмица**

Член 1

За директор на Јавното претпријатие за енергетски дејности „Струмица - Гас“ Струмица се избира Зоран Китанов, дипломиран правник од Струмица, сметано од 22.06.2015 година.

Член 2

Директорот се избира со мандат од 4 (четири) години.

Член 3

За уредување на односите со Јавното претпријатие, ќе биде склучен договор помеѓу Градоначалникот на општина Струмица и директорот на Јавното претпријатие, со кој ќе бидат утврдени правата, одговорностите и овластувањата согласно Закон.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 09-4747/7 Општина Струмица
22.06.2015 год. Градоначалник
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

......................................

## 140.

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија “ број 51/05, 137/07, 151/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/1) и член 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Службен гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**О д л у к а**
**за организирање на јавна анкета на Нацрт ДУП за измена и дополнување дел од блок 14 Урбана единица 2 во Струмица, Општина Струмица 2015-2020 година**

1. Се организира јавна анкета на Нацрт ДУП за измена и дополнување дел од блок 14 Урбана единица 2 во Струмица Општина Струмица 2015-2020 година.

2. Со овој Урбанистички план се опфаќа простор со површина од 6192,5 $m^2$, со на граничен опфат:

- Од северозападната страна со осовината на ул. „Број 5“ согласно ДУП за блок 14;
- Од североисточната страна со осовината на ул. „Број 1“ согласно ДУП за блок 14; и
- Од јужната страна по осовината на собирната улица „ Ѓорѓи Василев“.

2. Одлуката за организирање јавната анкета ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, во Секторот за уранизам и комунални работи , на ВЕБ страницата на Општина Струмица, во “Службен гласник на општина Струмица” и преку средствата за јавно информирање.

3. Јавната анкета ќе трае 10 работни денови од објавувањето на Одлуката.

4. Нацрт ДУП за измена и дополнување дел од блок 14 Урбана единица 2 во Струмица општина Струмица 2015-2020 година , ќе биде изложен во просториите на Секторот за

урбанизам и комунални работи ул.”Ленинова” во соба број 3.

5. Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки.

6. Оваа Одлука влегува во сила по објавувањто во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.09-4967/2 Градоначалник
23.06.2015 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

................................

**141.**

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија” број 51/05, 137/07, 151/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/1) и член 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Службен гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**О д л у к а**
**за организирање на јавна презентација на Нацрт ДУП за измена и дополнување дел од блок 14 Урбана единица 2 во Струмица општина Струмица 2015-2020 година**

1. Се организира јавна презентација на Нацрт ДУП за измена и дополнување дел од блок 14 Урбана единица 2 во Струмица општина Струмица 2015-2020 година

Со овој Урбанистички план се опфаќа простор со површина од 6192,5 $м^2$ со граничен опфат:

- Од северозападната страна со осовина на ул. „Број 5“ согласно ДУП за блок 14;
- Од североисточната страна со осовина на ул. „Број 1“согласно ДУП за блок 14; и
- Од јужната страна по осовината на собирната ул. „ Ѓорѓи Василев“.

2. Одлуката за организирање јавната презентација ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, во Секторот за уранизам и комунални работи, на ВЕБ страната на Општина Струмица, во “Службен гласник на општина Струмица”и преку средствата за јавно информирање

3. Јавната презентација ќе се одржи на ден 29.06.2015 година во 12,оо часот во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул.”Ленинова” во соба број 3.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Струмица”.

Бр. 09-4967/3 Градоначалник
23.06.2015 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.................................

**142.**

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија” број 51/05, 137/07, 151/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/1) и член 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Службен гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за формирање на Комисија за спроведување на јавна анкета и јавна презентација на Нацрт ДУП за измена и дополнување дел од блок 14 Урбана единица 2 во Струмица општина Струмица 2015-2020 година**

1. Се формира Комисија за спроведување на јавна анкета и јавна презентација на Нацрт ДУП за измена и

дополнување дел од блок 14 Урбана единица 2 во Струмица општина Струмица 2015-2020 година, во состав:

- Стојан Динев – Раководител на Секторот за урбанизам и комунални работи;

- Илија Шалев – претставник на изготвувачот на планот; и

- Александар Цицимов – дипломиран архитект, надворешен член.

2. Се задолжува Комисијата да ја спроведе јавната анкета во рок од 10 работни дена од денот на објавувањето на Одлуката за организирање јавна анкета, а јавната презентација на ден 29.06.2015 година во 12,оо часот во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул. "Ленинова" во соба број 3 .

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во "Службен гласник на општина Струмица".

Бр. 09-4967/4 Градоначалник
23.06.2015 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.